



# Македонија и Турција

Процесот на враќањето и ситуацијата на мигрантите:

**истражувачка мисија 2013**

ЕВРОПСКИ ФОНД ЗА ПОВРАТНИЦИ

Изготвено со поддршка на **Европскиот фонд за повратници** на Европската Унија.

**Национален судски завод**

## Содржина

I. Вовед....4
I.1 Конвенции за повратници на ниво на Европската Унија....5
II. Република Македонија....6
II. 1. Економијата на Р. Македонија....7
III. Пристап кон ЕУ....8
III. 1. Спорните прашања....8
IV. Етничките тензии....11
IV. 1. Охридскиот рамковен договор....12
V. Нелегалната миграција....14
V. 1. Организациската структура на Граничната полиција....14
V. 2. Охрид. Западниот регионален центар на Граничната полиција....14
VI. Постапката за азил....18
VI. 1. Постапката за одредување на идентитетот....18
VII. Билатералните и регионалните односи на државата....20
VIII. Правосудниот систем на Р. Македонија....20
VIII. 1. Владеење на правото и основните права....23
IX. ИОМ Македонија....24
X. Претставништво на Високиот комесаријат на ОН за бегалци (UNHCR)...25
XI. Европскиот извештај за напредок 2012 (Country Progress on Asylum 2012)26
Турција....28
I. Општа заднина....28
I. 1. Копенхашките критериуми....31
II. Економската состојба на Турција....33
III. Правосудниот систем на Турција....34
III. 1. Услови во затворите....35
IV. Почитувањето на човековите права....37
IV. 1. Забраната на мачењето....38
V. Системот за прашање на бегалците во Турција....39
V. 1. Ситуацијата на бегалците од Сирија....41
V.2. Азилантите во бројки....43

V. 3. Ситуацијата на мигрантите кои се припадници на групата LGBTQ .44
VI. Слободата на говорот и собирање .......................................................44
VII. Половата еднаквоста..........................................................................46
VII.1. Правата на жените...........................................................................47
VIII. Малцински права во Турција ...........................................................50
IX. Укинувањето на смртната казна .........................................................52
X. Трговија со луѓе и шверц на луѓе.........................................................53

# I. Вовед

Нелегалните имигранти ја употребуваат балканската рута со децении. Таа рута ги вклучува Хрватска, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Албанија, Косово и Македонија. Класичната балканска рута води до Србија преку Турција и Бугарија.[1]

Тие кои пристигнуваат од Блискиот Исток и Средна Азија ги преминуваат границите на Европската Унија преку граничната линија помеѓу Грција и Турција на копно.

Според студијата на **Европската мрежа за миграција** од февруари 2012 г., влегувањето на мигрантите на територијата на Унгарија може да се класификува во 4 групи според следново:

1. самостојно нелегално влегување и престој без помошта на шверцери на луѓе;

2. нелегално преминување на граница, незаконски престој и продолжување на патувањето со лажни документи, со помошта на шверцери на луѓе;

3. нелегално преминување на граница и незаконски престој или продолжување на патувањето, преку криење во возило;

4. со помошта на шверцери на луѓе во гранични појаси помеѓу погранични премини.

Мигрантите се претежно со српско, косовско и албанско државјанство, а оние кои почнуваат од Грција и стигнуваат преку Македонија и Србија се во најголем дел државјани на Авганистан, Палестина, Алжир, Тунис, Ирак и Иран.

[1] http://ec.europa.eu/dgs/home-affairs/what-we-do/networks/european migration network/reports/docs/emn-studies/irregular-migration/12 ._hungary_national_report_practical_measures_for_reducing_irregular_migration_final_dec2012_en.pdf http://ec.europa.eu/dgs/home-affairs/what-we-do/networks/european_migration_network/reports/docs/emn-studies/irregular-migration/12 ._hungary_national_report_practical_measures_for_reducing_irregular_migration_final_dec2012_en.pdf

## I.1 Конвенции за повратници на ниво на Европската Унија

Согласно **Директивата 2008/115/ЕЗ**, целта е државјаните на трета земја кои незаконски престојуваат во државата да се истераат во своите татковини или во трета земја надвор од ЕУ која има обврска да ги прифати истите.

До крајот на 2011 година, по овластување на Советот, Комисијата водеше преговори со следните 21 држава: Мароко, Шри Ланка, Русија, Пакистан, Хонгконг, Макао, Украина, Албанија, Алжир, Кина, Турција, Македонија, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Молдавија, Грузија, Островите Кејп Верде, Белорусија, Азербејџан и Ерменија. Комисијата ги заврши преговорите со 13 од тие држави со успех. Конвенции за повратници на ниво на Европската Унија склучени со Хонгконг и Макао стапија на сила во 2004 г., со Шри Ланка во 2005 г., со Албанија во 2006 г., со Русија во 2007 г., а со четирите држави на Западен Балкан, односно со Босна и Херцеговина, **Македонија**, Црна Гора и Србија, како и со Украина и Молдавија, на 1 јануари 2008 г. Договорот со Пакистан стапи на сила на 1 декември 2010, а спогодбата со Грузија на 1 март 2011 г.
Преговорите со **Турција** за спогодбата за повратници се завршени и текстот на истата беше парафиран во јуни 2012 г.

Според извештајот на **Фронтекс**[2] за состојбата на надворешните граници на Шенген зоната, од месец април до месец јуни 2012 г. се обелоденија дури 23 000 случаи на незаконско преминување на граница. Составот на лицата кои незаконски ја преминуваа границата беше мешан. Бројот на нелегални преминувања на граница покажува намалување од 44% во споредба со истиот период од

[2] COM (2013) 326 final
http://www.google.hu/url?sa=t&rct=j&q=&esrc=s&source=web&cd=1&ved=0CC8QFjAA&url=http%3A%2F%2Fwww.ipex.eu%2FIPEXL-WEB%2Fdossier%2Ffiles%2Fdownload%2F082dbcc53eea9c03013ef9cc15e109c9.do&ei=AMyHUsqtIZT24QT55YCoDA&usg=AFQjCNFm2Twzt55ZgMu7ZeTUONLqIrEuTw&sig2=aPZWm_g3OYVBbuTHy38hAA&bvm=bv.56643336,d.bGE

претходната година, под влијание на настаните на арапската пролет. Меѓутоа, Грција соопшти зголемување од 29% во споредба со претходната година.

Мнозинството на сите откриени случаи, т.е. 56%, се случија на границата помеѓу Грција и Турција на копно, што значи дека тој граничен појас сè уште е подрачје најзасегнато од нелегалната миграција насочена кон ЕУ. Повеќето на лицата фатени во тој граничен појас беа авганистански државјани, а по нив следуваа Бангладешанците и Сириjците. Значително зголемен е бројот на сириски државјани кои легално или нелегално ја преминуваат границата.

## II. Република Македонија



Сликава е оригинално објавена на *Flickr.com*

Република Македонија – називот на државата во ОН е Поранешна Југословенска Република Македонија – го доби статусот земја кандидат за членство во ЕУ во 2005 г. 1991. Од 1991 г. Грција го попречува меѓународното признавање на државата под името Република Македонија, повикувајќи на фактот дека името на една покраина во Северна Грција е исто така Македонија. Грчките националисти се плашат дека Р. Македонија ќе има територијални претензии кон Грција. Поради спорот околу името, државата не ја примија во НАТО во 2008 г. 2012. Од 15 декември 2012 г., во

рамките на билатерални односи, Унгарија ја признава државата од Западен Балкан како Република Македонија.

Населението на државата е околу 2 106 000 души. Албанците (35%) и Турците (4,5%) претставуваат значајни малцински групи, а во државата исто така живеат и Срби, Грци, Роми и Власи. 2002. Од 15 јули 2002 г., и албанскиот е службен јазик во Собранието. 64,7% на населението припаѓаат на Православната Црква; 33,3% се сунитски муслимани и 1% се римокатолици.

## II. 1. Економијата на Р. Македонија

Во економска смисла Македонија е една од тие земји кои се наоѓаат во најнеповолна положба. Невработеноста е значителна; луѓето главно живеат од земјоделство; црната економија е значајна. Во време на осамостојувањето во 1991 г., Македонија беше најнеразвиена од југословенските републики, лишена од дотогашните централни финансиски средства, и нејзината состојба беше отежната од недостатоците во инфраструктурата, санкциите на ОН против Југославија, како и од грчкото ембарго на Македонија. Економскиот раст започнат по 1996 г. повторно се запре поради албанското востание кое избувна во почетокот на 2001 г. По разрешавањето на политичката криза исто така започна и економското нормализирање. Пред светската финансиска криза растот на бруто домашниот производ (БДП) надмина 3 отсто. И покрај макроекономската стабилност, државата не ги привлекува странските инвеститори, а малкуте новосоздадени работни места не ја подобруваат стапката на невработеноста од над 30 отсто во голема мера. **Раст на бруто домашниот производ (БДП):** -0,7 отсто (извор: World Factbook) **Стапка на невработеноста:** 32,2 отсто (извор: World Factbook) **Стапка на инфлацијата:** -0,8 отсто (извор:World Factbook)[3]

[3] http://eu.mti.hu/orszagok/2742577/macedon_koztarsasag/orszagismerteto

## III. Пристап кон ЕУ

Во 2009 г. Комисијата испита дали државата соодветно ги исполнува политичките критериуми и предложи започнување на преговорите. Комисијата исто така ја повтори таа препорака во 2010, 2011 и 2012.[4] **Комисијата** го формулира следното **во своето соопштение:**

Комисијата е тврдо убедена дека со цел да се зацврстат ритамот и одржливоста на реформите, со посебен оглед на владеењето на правото, како и за зајакнување на односите меѓу етничките групи, државата мора да продолжи со следната фаза на процесот на интеграција, што би било од корист за целиот регион.

Државата продолжува да ги исполнува обврските кои произлегуваат од спогодбата за стабилизација и асоцијација. Комисијата и понатаму предлага државата да влезе во втората фаза на асоцијацијата и го охрабрува Советот да постапи за остварување на тоа без понатамошно одлагање во склад со релевантната одредба на спогодбата за стабилизација и асоцијација. Државата продолжува да ги исполнува политичките критериуми соодветно. Владата го стави распоредот добиен од Унијата во средината на своите дејности. Дијалогот за интеграција воден со Комисијата на висок степен служеше како катализатор за забрзување на реформите и овозможи значителен напредок на бројни клучни политички полиња.

Првата ревизија на Охридскиот рамковен договор од страна на владата се покажа како корисно средство за зајакнувањето на дијалогот меѓу заедниците.

## III. 1. Спорните прашања

Македонија сè уште не успеа да го реши спорот со Грција во поглед на името. Под закрила на ОН, од 1990-тите години е во тек дијалогот, дополнет со билатерални разговори од 2009 г., меѓу другото и на премиерско ниво. Меѓутоа, процесите досега не беа успешни. Во месец декември, Меѓународниот суд сметаше дека Грција го прекршила привремениот договор склучен со државата со тоа што на

[4] http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=COM:2012:0600:FIN:HU:PDF COM(2012) 600 final

самитот во Букурешт во 2008 г. била против приемот на Македонија во НАТО. Одржувањето на добрососедските односи продолжува да биде многу важно, вклучувајќи го и взаемно прифатливото решавање на прашањето за името по пат на разговор под закрила на ОН. Решението треба да се најде без одлагање.

Државниот јазик на Р. Македонија многу личи на бугарскиот јазик. Затоа бугарските и западните лингвисти го сметаат истиот за регионален дијалект на бугарскиот јазик. Бугарија и Грција официјално не го признаваат македонскиот јазик како самостоен јазик. Според ставовите на двете земји, истиот е една од трите варијанти на бугарскиот јазик кои опстануваат сè до денес.[5]

Спорот на Македонија и Грција околу името е широко познат. Атина се противи на евро-атлантската интеграција на Македонија, или на „FYROM Macedonia“ како што ја нарекуваат Грците. Аргументот на Грција е дека ако го прифатат називот Македонија, државата формирана во почетокот на 90-тите години може да има територијални претензии за северните предели на Грција. Скопје на го одобрува називот Поранешна Југословенска Република Македонија а, поради тоа, Грција го блокирање пристапот кон Европската Унија и НАТО сè додека не достигнат согласност.

По објавувањето на самостојноста, Бугарија беше првата држава која ја призна Република Македонија под нејзиното уставно име, наместо да го користат акронимот FYROM баран од Грците. И покрај тоа, и со Бугарија се појавуваат расправи бидејќи македонските власти градат споменици на бугарски национални херои, како на пример Цар Самуил, кој бил владетел на Бугарското Царство од 997 до 1014. Другата интересна работа е во врска со македонизирањето и погрчувањето на двајцата бугарски браќа-монаси Свети Кирил и Методиј. Браќата кои живееле во IX-тиот и потекнувале од Солун ја создале глаголицата која била претходница на сегашната кирилица. Меѓу учениците на Кирил и Методиј се наоѓа Свети Климент Охридски кој се смета за сопствен национален херој во Македонија, иако монахот

[5] http://kitekinto.hu/europa/2011/08/23/ha_nincs_tortenelmed_akkor_lopd_el_a_szomszedodet/#.Uog1CeLjXFI

го ширел словото Божјо и ја зајакнувал словенската култура на подрачјата на Бугарското Царство. Границите на бугарската држава најрано основана во Европа (во 681), со неизменето име до денес, се протегале до сегашната територија на Република Македонија веќе до крајот на VIII-иот век. Словенските племиња кои живееле таму полека се асимилирале и Македонија станала дел од првото Бугарско Царство веќе во IX-иот век.

По турското ропство од пет столетија, во 1878, Санстефанскиот мировен договор привремено и ги вратил македонските територии на Бугарија но, како последица на берлинските преговори, западните сили и ги приклучиле на Отоманската Империја. Најпознатиот настан е крвавото Илинденско Востание од 1903 при коешто Бугарите се обиделе повторно да ги добијат отцепените предели, а потоа бунтови против Турците не престанале сè до 1910-тите години.

Во првата балканска војна во 1912, Бугарија, Србија и Грција ги изгониле Турците од Македонија, но подрачјето не можеле да го поделат меѓу себе, па се бореле една против друга во втората балканска војна во 1913. Србите, Грците, Романците и Турците ја нападнале Бугарија со заедничка сила, но можеле да ја победат само по големи загуби. По двете светски војни, Македонија била ставена под контрола на југословенските воени сили.

Поради притисокот од Белград и Советскиот Сојуз, во 1945 г., Македонската антифашистичка организација за кратко време го изработила македонскиот литературен јазик и азбука, како комбинација на бугарската и српската граматика. Македонското национално сознание датирано од времето на империјата Александар Велики почнало да се дефинира во средината на XX-тиот век.

## IV. Етничките тензии

Кога се споменува етничките тензии на Балканот обично се мисли на опозицијата меѓу Србите и Косовците, а конфликтот помеѓу Македонците и Албанците е помалку познат.

Од 2001 г. постои сериозна етничка опозиција помеѓу македонското мнозинство и албанското население во Македонија. Пред приближно една деценија, членови на албанското малцинство започнаа вооружен напад во времетраење од повеќе од осум месеци против македонските безбедносни органи. Во вооружениот конфликт кој почна на крајот од 2000 г. и резултираше со отприлика 70 жртви, Ослободителната народна армија (ОНА-УЧК) имаше за цел да се стекне со национално самоопределување преку принуда според косовскиот модел. Како последица на албанските напади кои се ширеа од село на село, локалното македонско население беше принудено да побегне на исток. Македонската влада ги гледаше нападите против полицајците безделно за неколку месеци бидејќи, според нивното толкување на вестите, немирот не беше насочен против населението. [6]



*Фотографија: Јудит Папаи*

[6] http://kitekinto.hu/europa/2012/02/02/etnikai_feszultsegek_macedoniaban/#.UoflP-LjXFI

ОНА-УЧК, организација со сепаратистички претстави, не идентична со воената организација која дејствува во Косово, сакаше да ги приклучи западните предели на Македонија со албанско население кон Албанија. Според некои македонски ставови, конечната цел беше приклучување на Куманово, Дебар и Гостивар кон косовските територии. Како резултат на настаните во 2001 г., Владата на Македонија го прогласи ОНА-УЧК за терористичка организација и се подготви дури и за евентуална војна. Поради воената состојба, Македонците масовно протестираа против ОНА-УЧК, палејќи албански продавници и дури една џамија. Се создадоа повеќе неповрзани боишта. Најнезаборавното од нив беше судирот во Арачиново, а македонските сили бргу ја прочистија засегнатата околина од албанските напаѓачи. ОНА-УЧК не го поддржуваа ниедна поголема партија во Албанија, па не можеше да дојде до ситуација слична на онаа во Косово. Охридскиот рамковен договор потпишан на 13 август 2001 г. ги одреди поопширно протолкуваните етнички права и културната автономија за Албанците.

## IV. 1. Охридскиот рамковен договор

Охридскиот рамковен договор му нуди мошне многу попусти и права на албанското малцинство – меѓу другото застапеноста во администрацијата, законодавството и правосудството, како и територијалната поделба на општините врз основа на етничка припадност. Освен за разликите во поглед на јазикот, самоопределувањето и културата, една од најголемите опозиции помеѓу двете етнички групи претставува верската припадност. Најголем дел од Македонците се православни христијани, а повеќето на Албанците се сунитски муслимани. Иако религијата во Македонија не игра толку централна улога како на пример во арапскиот и муслиманскиот свет, конфликтот кој избувна во јануари 2012 г. имаше влијание врз неа. Инцидентот се случи по годишниот карневал организиран во Вевчани во месец јануари. На парадата со маски и костими која привлекуваше повеќе илјадници туристи, повеќе македонски млади дефилираа во црни бурки и правеа неучтиви забелешки за Коранот. На карневалот честопати присуствуваат и луѓе облечени во сатирички и провокативни костими. Во муслиманското жителство, делото на македонските учесници предизвика лутина, па ја запалија

црквата Свети Никола покрај градот на Струга на 30 јануари. Благодарение на брзата интервенција на пожарникарите, не беа оштетени иконите од извонредна вредност, но гредите во таванот на црквата беа изгорени. Од јарболот за знаме пред зградата на градското собрание на Струга, непознати лица го извадија националното знаме и место него го кренаа еднобојниот зелен бајрак на исламот. Понатаму, муслимански мажи со камења нападнаа автобус кој сообраќаше кон Вевчани, и непознати лица соборија крст поставен покрај село Лабуништа.



*Фотографија: Д-р Јудит Папаи*

Охридскиот рамковен договор потпишан во август 2001 г. ги гарантира индивидуалните и заедничките права на националните малцинства на највисок можен степен според актуелните меѓународни норми. Правата одредени во рамковниот договор Македонците ги сметаат за прекумерно претерани, додека Албанците истите ги оценуваат како малку. Фазата на спроведување на договорот во законодавството заврши во октомври 2005 г. Македонија влезе во фаза на политички развој по Охридскиот рамковен договор. Договорот е интегриран во државниот, политичкиот и општествениот развој на Република Македонија, како и во нејзиното законодавство и секојдневна пракса.

## V. Нелегалната миграција

**Раководителот на одделение од Министерството за внатрешни работи** даде известување за нелегалната миграција. Најголем број нелегални преминувања на граница се остваруваат од Грција. Одредувањето на идентитетот кај лица кои влегуваат без документи претставува тешкотија бидејќи немањето на соодветните дипломатски претставништва во Македонија го отежнува воспоставувањето на контакт.

## V. 1. Организациската структура на Граничната полиција

Во 2005 г. полицијата ја презеде контролата на границите, вклучувајќи ја и зелената граница, од армијата. Граничната полиција во моментов се состои од 1950 лица. Создадени се 4 регионални центри со структури слични на онаа на Министерството за внатрешни работи.
**Јужниот регионален центар** создаден во 2004 г. со седиште во Битола е одговорен за границата со Грција, **Источниот регионален центар** за границата со Бугарија, **Северниот регионален центар** со седиште во Скопје за границите со Србија и Косово, а **Западниот регионален центар** со седиште во Охрид за границата со Албанија.
Земјата има два меѓународни аеродроми. Едниот се наоѓа во Скопје, а другиот во Охрид. Нејзините граници не се дел од Шенген-зоната, но принципите одговараат на шенгенските барања. Заедно со **ФРОНТЕКС,** организираат обуки за работниците. Се одржуваат обуки за спречување на криминалот и на централно, и на регионално ниво.

## V. 2. Охрид. Западниот регионален центар на Граничната полиција

**Раководителот на Центарот** ни кажа дека од времето на визната либерализација, најголемата задача за нивната единица е справувањето со организираниот

криминал.  Карактерот на Македонија како транзитна земја значително се покажува не само од грчката граница туку и кон Грција. На регионално ниво работат три сектори:

- Одделот за странци
- Одделот за нелегалната миграција
- Одделот за прифаќање повратници.

**Охридскиот регионален центар** создаден во 2006 г. вклучува инспекторати, и локацијата е одговорна за покривање на границата со Албанија.

По почетните чекори, меѓу 2007 г. и 2009 г., типично беше дека голем број албански државјани (3000 лица годишно) доаѓаа во Македонија кои ја сметаа државата за транзитна земја, па заминуваа за Грција или за други држави на ЕУ. Имаше и мал број странци кои имаа за цел да си најдат вработување на црниот пазар. Инспекторите чувствуваа дека во почетниот период ракувањето со таа „дополнителна“ појава претставуваше голема тешкотија (тука се подразбираат трговијата со луѓе и организираниот криминал) но, со воведувањето на построги мерки во македонскиот кривичен законик и преку засилување на ресурсите, ситуацијата се подобри. Моментално тие се многу успешни во разоткривањето на кривични дела.

Од 2011 г. (визна либерализација; влегување во Албанија во НАТО) **намалена е нелегалната миграција, но како нова појава се соочуваат со доста голем број фалсификувани документи.** Со таквите документи типично се служат косовски државјани бидејќи патните исправи на младата држава не се прифаќаат било каде во Европа. Од Косово, прво ќе одат кон Македонија, па Албанија и ЕУ на крај, или ќе се обидат користат лажни пасоши на охридскиот аеродром.



*Фотографија: Јудит Папаи*

Кога работниците од граничната полиција фаќаат некого, првин проверуваат дали лицето има потреба од правна или лекарска помош. Му обезбедуваат можност да контактира со членови на семејството.

Доколку идентитетот може да се одреди во рок од 24 часа, лицето ќе се упати кон судот за прекршоци каде што може да го осудат на казна дури од 500 евра за забрането преминување на границата. Се распрашавме дали ваквата санкција е неспроведлива. На прашањето ни одговорија дека и тие се свесни за проблемот и затоа судијата честопати донесува пресуда само за опомена или го принудува странецот да ги надомести трошоците на постапката.

Во случај на организирани криминални групи, се разбира, во однос на тежината на кривичното дело, може да дојде дури и до земање на одговорност на кривичен суд. Најчесто се работи за шверц на дрога, потпомагање на проституција и шверц на акцизни производи. Во случај на соседните земја на Македонија, одредувањето на идентитетот не е тешко. Соработката со истите исто така е добра.

Доколку во рок од 24 часа не може да се одреди кој е странецот, и земјата на потекло е исто така сомнителна, лицето ќе се префрли во отворен прифатен центар. Практично сите од нелегалните мигранти пристигнуваат преку зелената граница. Честопати ги фаќаат нив при контрола на длабочина која е поевтина, и граничарите

веќе ги познаваат најчесто користените патеки. Искуствата беа во склад во поглед на фактот дека во овој гранична област економските мигранти претставуваат помал предизвик од организираниот криминал.

## V. 3. Битола. Јужниот регионален центар на Граничната полиција

Работниците на **Центарот** истакнаа дека на пограничниот премин во Гевгелија карактеристично е преминувањето на авганистански мигранти во поголем број, но не можеа да нè снабдат со точни податоци.

Ги потврдија информациите дадени од своите колеги кои работат во западната единица во поглед на потребата од одредување на идентитетот на странецот во рок од 24 часа. По тоа време странците се префрлуваат во прифатен центар од каде што обично заминуваат за непознати места.

Нелегалните мигранти можат да ги вратат во Грција само сако **може да се докаже** дека лицето дојде од Грција (на пример, има резервација во хотел). Во други случаи Грција нема да го прифати. Како одговор на нашето прашање, инспекторите изложија дека немаат информација за тоа што ќе се случи во Грција, односно што ќе биде судбината на вратениот странец.

Кај повеќе луѓе наоѓале прости скици и описи на рути кон Унгарија и Австрија. Тие цртежи веројатно потекнуваат од шверцерите на луѓе. Има некои карактеристични бранови во извесни периоди: во зима многу помалку луѓе доаѓаат без пари и документи; во лето, од разбирливи причини, граничарите имаат повеќе работа. **Во 2012 г. пристигнаа 93 азиланти, а во 2013 г. 223.** Повеќето на азилантите често не го чекаат завршувањето на постапката и побегнуваат од прифатните центри, па нема можност за извршување на постапките за азил.

Во врска со повратниците, склучени се **24 билатерални договори**. Тие договори се однесуваат на такви македонски државјани и такви лица кои поминаа од Македонија кон земјите на Европската Унија, како и на граѓаните на бившата Југословенска

Република, и на оние лица кои престојувале во територијата на СР. Македонија пред 1991 г.

Во однос на враќањето Министерствата за внатрешни работи водат разговор меѓу себе.

## VI. Постапката за азил

**Државниот секретар од Министерството за внатрешни работи** рече дека процесот за одредување на оправданоста на азил е во склад со меѓународните конвенции. При постапка за азил, треба да се донесе **дефинитивно управно решение** во рок до **6 месеци**, против коешто може да се поднесе жалба по судски пат. **Ревизијата ја врши управниот суд во прв степен, а вишиот управен суд во втор степен.** Факт е дека речиси сите побарувачи ќе го напуштат прифатниот центар пред да се донесе дефинитивно решение. Затоа досега само еден побарувач (Авганистанец) добил меѓународна (дополнителна) заштита во времетраење од 1 година. Во 99% од случаите постапките престануваат.
**Во моментов живеат вкупно дури 670 лица во Македонија кои уживаат дополнителна заштита.** Тие се припадници на косовската заедница РАЕ. Времетраењето на дополнителната заштита е 1 година. Потоа ќе се ревидира.

Македонскиот орган за прашања на бегалците ги смета земјите-членки на Европската Унија за безбедни трети земји.

**Бројот на азилантите постојано се зголемува:** во 2009 г. 88, во 2010 г. 156, во 2011 г. 178, во 2012 г. 527, од јануари до март 2013 г.: 335 лица. Повеќето од нив доаѓаат **од Сирија, Авганистан, Пакистан, Сомалија, Мали** и други африкански земји.
**Во Визбегово** работи отворен прифатен центар соодветен за сместување на околу 150 лица, под управа на Министерството за труд и социјална политика. Од центарот постојано исчезнуваат луѓе бидејќи не го чекаат крајот на постапките.

### VI. 1. Постапката за одредување на идентитетот

Ако за лицето се открие дека е нелегален мигрант, следниот чекор ќе биде постапката за одредување на идентитетот. Тоа е најголемиот проблем. Најголем дел од нелегалните мигранти доаѓаат без документи и ја развлекуваат постапката, па исчезнуваат од отворените прифатни центри. За одредување на идентитетот ја користат и помошта на Интерпол. Согласно законот за странци, доколку не може да се одреди идентитетот до рокот, лицето ќе се смести во камп за реадмисија, и продолжува одредувањето на идентитетот.
Во текот на реадмисијата, лицето ќе го вратат во Грција, од каде што доаѓаат најголем број нелегални мигранти. **Грција ги прифаќа само оние кои се фатени на границата.**

**Под закрила на ФРОНТЕКС**, сега се организира соработка во областа на миграцијата, меѓу Македонија, Србија, Унгарија и Австрија**, со цел да се намали нелегалната миграција.**

### VI. 2. Либерализацијата на визниот режим

Во рамките на контролниот механизам воведен по визната либерализација во однос на земјите на Западен Балкан, во април 2012 г., **Комисијата** го објави **својот трет извештај за проверката воведена по визната либерализација** во поглед на Македонија (Поранешна Југословенска Република Македонија), Црна Гора, Србија, Албанија и Босна и Херцеговина, во којшто се опишани најскорешните активности и препорачани се понатамошни чекори. Во првата половина на 2012 година, бројот на азилантите од Србија и Македонија покажа намалување во споредба со истиот период на 2011 година (во споредба на месец мај 2011 година со месец мај 2012 година, за Србија показателот е -13%, а за Поранешна Југословенска Република Македонија -48%), но значително пораснат е бројот на азилантите од Албанија (+725%), Босна и Херцеговина (+14%) и Црна Гора (+77%).[7] Најголем

[7] http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=COM:2012:0686:FIN:HU:PDF

број барања за азил се докажуваат како неоправдани, и односот на одобрените барања за азил сè уште е многу мал. Главните дестинации и понатаму се Белгија, Германија, Луксембург и Шведска.

## VII. Билатералните и регионалните односи на државата

Во областа на **соработката за одбрана и безбедност,** државата учествува во билатерални и регионални иницијативи. Во поглед на **внатрешните работи и правдата**, таа соработувала со Албанија, Србија, Косово и Бугарија во полето на гранична контрола: постоечки или планирани „заеднички центри за воспоставување на контакт“ за подобрување полициската и царинска соработка; редовни „мешани“ патроли на граница со Албанија, Србија, Косово и Бугарија; заеднички гранични контроли со српските органи; спогодби за полициската соработка со Хрватска, Црна Гора и Србија; соработка со Косово покрај регионалните обврски. Спогодбата со Црна Гора за заемно патување на граѓаните стапи на сила во декември 2012 г., која, слично на спогодбите склучени со Албанија и Србија, им овозможува на граѓаните да влегуваат слободно во односните држави со биометрички документи за идентификација.[8]

## VIII. Правосудниот систем на Р. Македонија

Заменик раководителот на **Судскиот совет на Р. Македонија** ни кажа дека создавањето на Судскиот совет било дел од реформите за спроведувањето. Работењето на истиот било повторно регулирано во 2010 г. Органот функционира како самостојна и независна институција и неговата првенствена задача е гарантирањето на независноста и самостојноста на судовите. Советот се состои од 15 члена. Осум лица од нив избираат поединечните судови од својот кадар, тројца

[8] http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=COM:2013:0205:REV1:HU:HTML

члена претставуваат малцински групи, а уште тројца лица избира Собранието. Двајца члена на Советот, од коишто еден треба да биде од некоја малцинска група, се предложени од Претседателот на Република Македонија, а предлогот ќе го одобри Собранието. Во составот на Советот исто така се наоѓаат и Претседателот на Врховниот суд и министерот за правда. Министерот за правда и Претседателот на Врховниот суд не можат да бидат претседател на Советот.

Мандатот на членовите е за 6 години, а еднаш можат повторно да се изберат истите. Со Советот раководи претседателот којшто го избираат членовите од својот состав со мандат за 2 години преку тајно гласање.

Советот ги назначува и разрешава судиите и претседателите на судовите; ги назначува поротниците и им ги укинува мандатите; ја оценува работата на судиите; одлучува за дисциплински постапки; одлучува за имунитет на судиите; одлучува за притворување на судиите; доставува предлог за двајца члена на Уставниот суд; ревидира извештаи издадени од Врховниот суд за примената на конкретни закони; одлучува за привременото вршење на конкретни судски функции; го определува бројот на службеници потребен за секој суд; ревидира и оценува судски извештаи; се погрижува за оформувањето и зачувувањето на општествениот углед на судиите и на судовите; постапува во врска со жалби против судиите; за своите дејности доставува извештај до Собранието.

Членовите на Советот подеднакво го сметаа остварувањето на транспарентноста за првенствено. Следствено, седниците на Советот се јавни. Заседанијата при коишто испитуваат жалби поднесени од граѓаните ги пренесува и телевизијата.

Во Македонија работат 27 судови од прв степен. Судовите од прв степен се разликуваат на две нивоа. Од една страна постојат 15 таканаречени основни судови во чија надлежност спаѓаат кривични дела санкционирани со најмногу 5 годишна затворска казна, како и имотно-правни предмети до педесет илјади евра. Кривични дела санкционирани со казни кои го надминуваат тоа ниво, како и имотно-правни предмети над педесет илјади евра припаѓаат на таканаречените судови од прв степен со проширена надлежност, од коишто има 12 во државата. Освен судовите од прв степен, во составот на судската структура влегуваат 4 апелациони судови,

управниот суд и вишиот управен суд, како и Врховниот суд. Уставниот суд не е дел од судскиот систем.

Специфично заради пазењето и спроведувањето на член 6 од Европската конвенција за човековите права, т.е. за остварување на правото на поединецот за решавање на своето дело во разумен рок, создаден е сектор во рамките на Врховниот суд на којшто било кој граѓанин може да му се обрати со поднесок. Секторот ќе го испита најавениот предмет и, доколку заклучи дека постапката е неоправдано развлечена, ќе му наложи на судот во прашање да го заврши предметот во одредена временска рамка.

Во поглед на оптовареноста на поединечни судии, изложија дека во Македонија има **675 судии, т.е. околу 35 судии на 100.000 жители,** што е над просекот во Европската Унија (22 судии/100.000 жители).

Советот го испитува завршувањето на предмети во месечна поделба, со помошта на специфично изработени мерила. Мерилата ја отсликуваат сложеноста на предметите, притоа водејќи сметка за бројот на лицата вклучени во постапката и карактерот на делото. На годишна база ги оценуваат судиите врз основа на мерилата (бодовите) за завршените предмети.

Сѐ на сѐ, потпретседателот на Советот потенцираше дека е намален бројот на судски парници, благодарение особено на фактот дека во предмети за оставина и во однос на налози за плаќање веќе не постапуваат судовите туку нотарите. Во поглед на оптовареноста на поединечни судии не можеа да ни стават точни бројки на располагање. Меѓутоа, изложија дека на помалите судови со 4-5 судии околу 250 предмети се во тек.

## VIII. Владеење на правото и основните права

Во поглед на ефикасноста на правосудниот систем, судовите покажале позитивен однос на завршување на предмети на сите нивоа во 2012 г., што значи дека повеќето од нив можеле да ги обработат делата кои стигнале кај нив или уште повеќе од тоа. Во месец декември, 6 понатамошни работни места од областа на правосудството биле пополнети на Врховниот суд и на Управниот суд, што им ја подобрило способноста за ракување со предмети. Меѓутоа, уште не изработија долгорочна стратегија за соодветна распределба на човечките ресурси во правосудниот систем. Во тек е развивањето на нов софтвер за статистика за правосудството кој го дополнува веќе постоечкиот автоматизиран деловоден систем и се очекува да се воведе во месец јуни 2013 г.

Капацитетот на обвинителскиот завод за организиран криминал и корупциски дела го зацврстија со вработувањето на тројца нови обвинители, притоа пополнувајќи ги сите 13 работни места. Обезбедија буџетски средства за назначувањето на 7 понатамошни јавни обвинители и 16 судски службеници за да можат да ги исполнат обврските во смила на новиот закон за кривична постапка.

**Што се однесува на квалитетот и независноста на правосудството, по влегувањето во сила на законот за судови, од месец јануари 2013 г.**, сите ново назначени судии во прв степен треба да се изберат од лицата кои имаат завршено академија, притоа зајакнувајќи се начелото на професионализам и приемот заснован врз заслугите. Досега, од јануари 2009 г., 61 од 80-те кандидати дипломирани во академијата за судии и обвинители се вработени како судии и обвинители.[9]

**Комисијата констатирала во својот извештај** дека сегашниот законски пропис за отказ на судиите и за дисциплински постапки треба да се прецизира и да се направи попредвидлив за Судскиот совет да може да го применува истиот

[9] http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=COM:2013:0205:FIN:HU:HTML **COM/2013/0205 final**

размерно. Во поглед на спречувањето на корупцијата, по измената во 2012 г. на законската рамка за систематична проверка на изјавите за неспоивост од страна на државната комисија создадена за спречување на корупцијата, проверени беа 483 изјави доставени од пратеници во Собранието, министри, заменици министри, како и од службеници избрани или назначени од Собранието. Пронајдоа бројни случаи на неспоивост и решија бројни конфликти. Во текот на проверката, во 123 случаи одредија дека службениците не доставиле изјави. Во почетокот на 2013 г. започнаа постапки поради прекршок во 26 случаи. Во месец ноември 2012 г., за зајакнување на контролниот систем, усвоени беа промените на Законот за финансирање на политичките партии. Меѓутоа, во однос на подобрувањето на спроведувањето, уште не можат да се почувствуваат практични резултати. Моментално составуваат кратки прегледи на проверките, обвинувањата, одредувањата на виновност и пресудите (вклучувајќи ги и пресудите донесени во областа на корупциски дела на високо ниво), како и опширни прегледи со податоци за паричните казни за прекршоци, даночните казни и дисциплинските санкции од изминатите години. Во рамките на тој напор соработуваат различни органи: на пр. полицијата, Управата за финансиска полиција, Царинската управа, Заводот за буџетски приходи, Јавното обвинителство, судовите, како и државната комисија за спречување на корупцијата.

## IX. ИОМ Македонија

Раководителот и работниците на организацијата ни дадоа детална информација за активностите на својата организација создадена во 1999 г. **Агенцијата се занимава исклучиво со доброволни повратници.** Причината на враќањето најчесто е: дека не го исчекуваат крајот на постапката или се работи за одбиени азиланти. Им даваат поддршка и на оние кои пристигнуваат во државата како нелегални мигранти, но истите обично не го чекаат крајот на постапката и продолжуваат кон други европски земји. Главните дестинации им се Белгија, Швајцарија, Германија и Унгарија.

**Од 2003 до 2012 г. се вратија 985-1000 лица. До месец април 2013 г. имаше 79** повратници. Агенцијата помагаше со враќањето на 16 македонски државјани од Унгарија. Тие лица специфично побараа помош од ИОМ.

**Процесот:**

- Прво повратникот треба да даде изјава за својата намера за доброволно враќање.

- Претставникот на ИОМ од дадената земја контактира со канцеларијата во Македонија. Проблемот е дека многумина немаат документи. Во секој случај идентификацијата ја врши Министерството за внатрешни работи.

- ИОМ тесно соработува со Министерството за труд и социјална политика и со МВР.

Поддршката може да потрае 1 до 7 месеци. Во случаи на лица помлади од 18 години, враќањето се потпомага во рамките на оценка на семејството. Нашиот домаќин потенцираше дека повратниците не можат да постигнат привилегиран статус спроти оние кои живеат дома. На повратниците им помагаат со обуки и едукација, и им обезбедуваат привремено сместување, како и сместување во социјална установа за лица кои подолго престојуваат во државата. По регистрација ќе имаат пристап кон социјалните услуги. Секој државјанин треба да плати за општественото осигурување и здравственото осигурување. Во моментов здравствените услуги се соодветни и услугите за хронични пациенти се во ред.

## X. Претставништво на Високиот комесаријат на ОН за бегалци (UNHCR)

Во 1999 г. 360.000 луѓе побегнале од Косово. Одржуваат добри односи со македонските власти. Во 2003 г. усвоен е Законот за бегалци. Законското уредување го овозможува следното:

- статусот признат бегалец – согласно Женевската Конвенција од 1951 г.
- добивање на дополнителна заштита – согласно директивата на ЕУ

- обезбедување на привремена заштита.

## XI. Европскиот извештај за напредок 2012 (Country Progress on Asylum 2012)

Според заклучоците на извештајот, пристапот на азилантите кон социјалните и здравствените услуги е подобрен во многу мала мера во споредба со 2011 г. Во текот на постапките за азил преводот претставува сериозен проблем; постапката е бавна и незадоволителна. Министерството за внатрешни работи работи со доста мал капацитет во врска со таквите прашања. Судовите ги оценуваат постапките според формални критериуми, а не според содржината.

Во поглед на ситуацијата околу бегалците во Македонија, како опширен заклучок констатираа дека иако рамките во однос на законодавството и институциите можат да се оценат како соодветни, спроведувањето и остварувањето на законските прописи уште можат да се подобрат. Во врска со издавањето на документи не е остварен напредок.

# Структура на работењето



# Турција

## I. Општа заднина

Помалиот дел на Турција се наоѓа во Европа, а поголемиот дел во југозападниот дел на Азија. Нејзиното население е 72 милиони жители. На север таа се граничи со Грузија, Ерменија и Иран, на југ со Ирак и Сирија, а на запад со островите на Егејското Море, Грција и Бугарија. 99,8% на населението се од муслиманската вероисповед. Најмногу од нив припаѓаат на сунитската гранка на религијата, но бројот на алеви (шиитските) муслимани е исто така значителен.[10]

Во помал број се застапени и (византиски) православни, верниците на Ерменската православна црква, израелити, римокатолици и протестанти. Етничката припадност на мнозинството, околу 80% на населението на Турција е турска.




Фотографија: Јудит Папаи

Малцинството со најголем број припадници во државата, особено во нејзините источни подрачја, се Курдите кои изнесуваат околу 20% на жителството.

[10] http://elib.kkf.hu/edip/D_14903.pdf

Благодарение на нејзината географска положба, Турција е еден од најважните „влезни пунктови“ кон Европа.  Безбројни рути за шверц на луѓе исто така се вкрстуваат во земјата.

Турција е република од 29 октомври 1923 г[11]. Темелите на нејзиниот политички систем биле консолидирани под раководството на Мустафа Кемал Ататурк во 1920-тите и 30-тите години.  Во време на доаѓањето на власт, Ататурк започнал ред радикални реформи во политичкиот, општествен и економски живот на државата со цел бргу да се претвори Турција.[12]



*Фотографија: Д-р Золтан Немет*

Мустафа Кемал ја формулирал основата на Република Турција во шест основни принципи со коишто го реформирал својот народ:

- секуларизмот, т.е. поделба на државата и религијата и целосно искоренување на религијата од јавноста
- републиканизмот, т.е. воведување на републиканскиот систем спроти султанатот на Отоманската Империја
- етатизмот, т.е. државата игра решителна улога во управувањето со економијата
- популаризмот, т.е. зајакнување на националните емоции

[11] http://tedeinturkey.wordpress.com/2012/10/29/oktober-29-a-koztarsasag-napja-torokorszagban/
[12] http://elib.kkf.hu/edip/D_15184.pdf

- револуционерството (реформизам), т.е. остварување на промените пропишани во програмата за реформи под водство на државата
- национализмот, т.е. создавање на ново национално сознание[13]

Државата го зајакнала приближувањето до западниот свет по Втората Светска Војна. Турција членува во Советот на Европа од 1949 г.

Уставот од 1982 г. пропишува демократско, световно и парламентарно владеење со силна претседателска власт и независни судови. Ги обезбедува меѓународно признатите човекови права, кои можат да се ограничат во случај на опасност, и истите не можат да се користат за повредување на единството на државата или за создавање на несекуларна и недемократска влада.



Фотографија: Д-р Јудит Папаи

[13] http://elib.kkf.hu/edip/D_14995.pdf

Турција зачлени во сите важни европски организации и за повеќе од три децении се бори за членство во Европската Унија. Во 2004 г., според препораката на Европската Комисија, Турција соодветно ги исполни условите неопходни за почнувањето на преговорите за членство. Откако Европскиот Совет ја одобри препораката на Комисијата, на 3 октомври 2005 г. започнаа официјалните преговори за членство.[14]

## I. 1. Копенхашките критериуми

Во смисла на Копенхашките критериуми, и Турција треба да одговара на следните четири услови на членство:

Првиот е политички критериум кој го вклучува одржувањето на демократски поредок со владеење на правото каде што се почитуваат човековите и малцинските права. Втората група е за економски критериуми, третиот услов е примената на друштвеното право, и на крај и самото ЕУ треба да биде способно да прими нови членови. Секогаш било предмет на расправа дали Турција припаѓа на Европа. Со укажувањето на можноста за зачленување во ЕУ, темата повторно стана актуелна. Многу приговори се појавуваат против членството: поради муслиманската религија големи се културните разлики; обемното и сиромашно население кое постојано расте, од една страна, би одзело ресурси од други држави членки, од друга страна, би обезбедило значајна можност за мешање во донесувањето на одлуки, а од трета страна, западните земји се плашат од протокот на турската работна сила. Како понатамошна критика против Турција се споменува ситуацијата околу човековите права.

[14] http://www.mfa.gov.hu/NR/rdonlyres/B8BC8AE7-DA3B-4C2C-89A3-E6F2D16D9A3B/0/et_2008_05.pdf



Фотографија: Д-р Золтан Немет

Преговорите за членство кои започнаа во октомври 2005 г. запреа по шпанското претседавање и од тоа време ниедно поглавје не беше отворено. Досега се отворија 13 поглавја и едно од нив е затворено.

Од декември 2006 г., поради неспроведувањето на одредбите за елиминирање на дискриминацијата од дополнителниот протокол на Анкарскиот Договор (и посредно поради непризнавањето на Кипарската Република), не можат да се отворат 8 поглавја и не можат да се затворат поглавја. Кипар и Франција блокираат понатамошни поглавја.

Билатералните односи меѓу Унгарија и Турција се одлични. Одржувањето и зајакнувањето на истите се нашиот основен политички и економски интерес. Унгарија доследно ја поддржува каузата на турската интеграција.

Досега околу 3 милиони граѓани се преселија од Турција во Западна Европа, главно во Германија. Индикативен податок е дека Сојузното Собрание на Германија има 12 турски членови.

Според информацијата добиена од **Унијата на адвокатските комори во Турција** -Türkiye Barolar Birligi -, миграцијата внатре во државата во насоката исток-запад исто така е значителна. Во задницата на оваа појава се наоѓаат доста значајното зголемување на населението од дури 2,4% во заедниците на исток, силната

терористичка закана и растечката сиромаштија. Во источните и западните делови на земјата многу различна е економската состојба.



Фотографија: Д-р Золтан Немет

## II. Економската состојба на Турција

Владата на Турција очекува зголемување на БДП од вкупно 4 отсто за 2013 г. Според министерот за финансии Мехмет Шимшек, Турција ја остварува таа цел благодарение на силниот банкарски сектор, владината финансиска политика и стабилната финансиска состојба на населението.

Растот на турската економија забави на 2,6 отсто во 2012 г., но според пресметките на Меѓународниот Монетарен Фонд (ММФ), годинава БДП може да се зголеми за 3,5 отсто, а идната година за 3,75 отсто. **БДП на Турција е отприлика на исто ниво со БДП на Швајцарија или на Холандија.** Меѓутоа, во поранешните калкулации уште не се вклучени влијанијата на демонстрациите против владата од минатата една и пол недела. Поради нередот инвеститорската доверба се разниша, во месец јуни акцискиот индекс на турската берза падна за 10 отсто, а турската лира изгуби шест отсто од вредноста спроти доларот. Меѓутоа, за турските државни хартии од вредност, добивките очекувани од инвеститорите се зголемија. Добивките од обврзниците со рок на доспевање од десет години се зголемени од поранешното 6,2 отсто на 7,3 отсто. Според аналитичарите најголемата опасност за

турскиот раст е продолжувањето на демонстрациите. Затоа странските инвеститори стануваат несигурни и странскиот капитал ќе престане да влегува во земјата. Атракцијата на Турција на пазарите во развој беше стабилноста на земјата, но сега токму таа се става под сомнение.[15]

## III. Правосудниот систем на Турција

Според информацијата добиена од **Министерството за правда**, во правосудниот систем на Турција значителен е бројот на **специјалните судови**. Во граѓанското деловодство постојат посебни судови за трговијата, морнарството, труд, недвижности, заштита на потрошувачите, заштита на интелектуална сопственост и семејно право. Воениот суд е самостојна организација. Според информацијата од организацијата за човекови права **IHD**, може да се случи дека предмет започнат пред цивилниот суд ќе се префрли на воениот суд. Турските организации за човекови права се борат за укинувањето на поделбата.

Таканаречените **судови за несогласност** одлучуваат за судири помеѓу судовите во поглед на опсегот и надлежноста.

**Високиот совет на судии и обвинители** (HCJP) за централно управување со судовите, создаден во 2010 г., одлучува за назначувањето и преместувањето на судии, за дисциплински прашања, како и за отказите. Телото брои 22 члена. 16 од нив се избираат од судиите и обвинителите, а претседателот на телото е министерот за правда.

Според информацијата од **Унијата на адвокатските комори**, во Турција дејствуваат околу 80 илјади адвокати. Околу 30 илјади од нив работат во Истанбул. Адвокатите можат да вршат адвокатска работа по една година пракса без

[15] http://hvg.hu/gazdasag/20130611 Novekedett a torok GDP MTI

специјален испит. Унијата на коморите во моментов се труди да постигне адвокатска работа да може да се врши само по полагањето на испит.

Според нивното раскажување, колку што знаат, во 2013 г. 43 илјади луѓе се обидоа да ги преминат границите на нелегален начин. Нелегалното преминување на граница е кривично дело. Лицата кои се фатени за нелегално преминување на границата се ставаат во кампови за околу два месеца. Секој има право да побара адвокат, и Адвокатската комора одлучува на кого му следува бесплатно правно застапување.



Фотографија: Д-р Золтан Немет

## III. 1. Услови во затворите

Во рамките на организирање од страна на претставниците на Министерството за правда, остваривме посета во **затворот на казненопоправната установа на Синџан**, каде што се држат лица осудени на фактички доживотен затвор, како и осудените обвинети со тероризам. Согласно казненопоправниот систем на Турција, казненопоправните установи се класификувани во категории A-F. Од нив

„F“ го значи најстрогиот степен. Установата која ја посетивме спаѓаше во таа категорија.

Тој затвор служи како образец со ќелии за 1-3 души. За разлика од општата пракса, обезбедени се условите за вршење на работа (изготвување гитари, поправање антени), како и рекреативни активности (сликање, правење мозаици). На располагање на затворениците имаше и добро опремена библиотека.

Како што подоцна беше изложено во предавањето на Езтирк Тиркдоган, раководител на **организацијата за човекови права IHD** (Insan Haklari Dernegi), затворите во Турција обично се преполни (особено обичните затвори и затворите со олеснети услови). Често се случува дека исчезнуваат притвореници и затвореници, и местото на престој подоцна не може да им се открие.

Според податоците на **IHD**, помеѓу 1980 и 2003 г. исчезнале 940 лица за време на затворската казна. Пронајдени биле труповите на 400 лица. Честопати политичките противници во Турција се обвинуваат со злосторства. Повеќе стотици лица се евидентирани како исчезнати кои, според раскажувањето на раководителот на **IHD**, починале во затвор како последица на малтретирање или ги снемале на друг начин. Во тек е кривична постапка и против еден работник на **IHD** поради сомнение на тероризам. Во однос на неговото дело уште не е донесена пресуда и веќе три години го држат во затвор.



Фотографија: Д-р Золтан Немет

Раководителот на организацијата за човекови права **IHD** посочи дека припадниците на опозицијата и тие кои размислуваат на поинаков начин често се обвинуваат со учество во терористичка организација и тероризам. За такви дела законот за кривична постапка пропишува посебни специјални правила. На пример, времетраењето на притворот во таков случај може да биде 5 години, за разлика од општото 2+1 година.

Сè уште активна е праксата на таканаречената неказнетост, според којашто членовите на вооружените сили не ги осудуваат за извршените прекршоци на човековите права.

## IV. Почитувањето на човековите права

Почитувањето на човековите права стана мошне битно за Турција од гледна точка на пристапот кон ЕУ[16]. Во пролетта 2001 г. Европскиот Совет ги определи тие задачи кои треба да ги изврши Турција за да одговара на Копенхашките критериуми.

[16] http://elib.kkf.hu/edip/D_14995.pdf

Во областа на човековите права поставија кратко- и долгорочни цели. Остварувањето на истите постојано го проверуваат набљудувачи од Унијата и за тоа доставуваат извештаи до Комисијата. Владата е посветена за нула толеранција во поглед на мачењето и понижувачкиот третман, како и за зацврстувањето на слободата на говорот и собирање, укинувањето на принудни испитувања, забраната на смртната казна и дозволувањето на употреба на малцинските јазици.

## IV. 1. Забраната на мачењето

Во Турција во многу наврати употребувале мачење за изнудувањето на искази.

Меѓународната заедница го смета мачењето за еден од најтешките случаи на прекршок на човековите права така што повеќе меѓународни конвенции содржат одредби за истото: конвенцијата на Советот на Европа за заштита на човековите права или основните права за слобода од 1950 г., Меѓународната спогодба за граѓанските и политички права усвоена во 1966 г., конвенцијата на ОН за борбата против мачењето и други безмилосни, нечовечни или понижувачки казни или третмани усвоена во 1984 г., како и конвенцијата на Советот на Европа за борбата против мачењето од 1987 г. Во интерес на пристапот кон ЕУ, Турција е посветена за укинувањето на праксата на мачење.[17] Уставот наложува дека *„никој не смее да се изложи на мачење или понижувачки третман; никој не смее да се потчини на казна или третман кој е неспоив со човечкото достоинство"*. И покрај тоа, сè уште има проблеми во врска со укинувањето на мачењето. Во Турција, со години го употребувале мачењето како обично средство во текот на испитувања и затворски казни, без понатамошно санкционирање.

Според информацијата добиена од невладини организации, меѓу нив од **KAOS GL** кое е организација за застапување на интересите на припадниците на групата

[17] http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=0J:C:2013:257E:0038:0049:HU:PDF

LGBTQ, организацијата за права на жените **KADER**, како и организацијата за човекови права **IHD**, намален е бројот на извештаите за мачење и на раскажувањата за тешки случаи, но сè уште се случуваат прекршоци на човековите права. Сторителите на мачења честопати избегнуваат казна бидејќи лекарските извештаи кои документираат такви дела често се неточни и неправилни. Ситуацијата е влошена и од фактот дека иако бројот на мачењата за време на затворските казни е намален, употребата на мачењето се појави и надвор од центрите за држење затвореници, на пр. на демонстрации или за време на превозувањето на затвореници. Некои организации за човекови права дадоа извештаи и за такви пракси на мачење кои не оставаат видливи траги на телото.

Најголемиот предизвик е преставен од примената на реформите. Мерките за обезбедување на спроведувањето на истите не водат сметка за многу новитети: на пример, за испитување на мачењата нема доволно лекари обучени за таа работа.

Езтирк Тиркдога, раководител на **турската организацијата за човекови права IHD** раскажа дека честопати политичките противници во Турција се обвинуваат со злосторства. Повеќе стотици лица се евидентирани како исчезнати кои, според нивното мислење, починале во затвор како последица на малтретирање или ги снемале на друг начин. Во тек е постапка и против еден од нивните работници поради сомнение на тероризам. Во однос на неговото дело уште не е донесена пресуда, но веќе три години го држат во затвор.

## V. Системот за прашање на бегалците во Турција

**Турција** се приклучи кон Женевската Конвенција за положба на бегалците од 1951 г. **со географско ограничување**. Во таа смисла, таа изведува постапка за азил исклучиво во случај на азиланти од Европа, односно од државите членки на Советот на Европа и, доколку условите се исполнети, само државјани на тие земји ќе признае како бегалци. Со оглед на географското ограничување, постои две паралелни постапки за оценувањето на барања за азил надвор од Европа.

Министерството за внатрешни работи на Турција изведува постапка паралелно со постапката на Високиот комесаријат за бегалци на ОН, честопати потврдувајќи ја одлуката на Високиот комесаријат. (Во тој контекст, постапката на Министерството за внатрешни работи формално е за тоа дали „странецот може да побара заштита во друга држава“, т.е. дали може да оствари право да се пресели како бегалец со помошта на ОН.) Лицата признати од ОН како бегалци за коишто турските власти не ја потврдија одлуката не добиваат дозвола за излегување од територијата на државата, па ниту единственото решение, т.е. преселувањето, не е возможно за нив.

Во **Дирекцијата за миграција и имиграција во Министерството за внатрешни работи на Турција** (Icisleri Bakanligi, Göc Idaresi Genel Müdürlügü) добивме информација за тоа дека по соработката со невладини организации за заштита на човековите права, со Европската Унија и со други меѓународни организации, **во месец април 2013 г. Собранието на Република Турција го усвои пакетот закони број 6458** (Law on foreigners and international protection), дел од којшто влегува во сила веќе во 2013 г., а останатите делови **во месец април 2014 г**., и **го изградува системот за миграција на Р. Турција врз нови темели.**

Порано немаше унифициран закон за имиграцијата, затоа ги создадоа правните основи во склад со конвенцијата од 1951 г., согласно препораките на Европската Унија. Системот на географска резерва продолжуваат да го применат, т.е. само бегалците од Европа можат да го добијат статусот „бегалец“, додека на оние кои доаѓаат од места надвор од ЕУ ќе им се додели само привремен статус.

**Законот има за цел** да ги одреди принципот и процедуралните правила за влегувањето, престојот и излегувањето на странци, како и за обезбедувањето на меѓународна заштита.

**Член 4 од новиот закон веќе го определува начелото „non-refoulement“**: *„Никој не може да се врати, истера или предаде кон земја каде што би го потчиниле на мачење, нечовечна, понижувачка или безмилосна казна и третман, или каде што би му се заканувала смртна казна“.*

**Дирекцијата за миграција** во Министерството за внатрешни работи на Турција почна да работи во месец април 2013 г. Вистинската работа ќе ја почнат во 2014 г. Задачата на Дирекцијата за миграција ќе биде ракувањето со **регуларната и нерегуларната миграција**, како и вршењето на **функции поврзани со прашањето на странци и бегалци**. На регионално и локално ниво ќе работат во 81 покраина. (Во моментов се присутни во 62 покраини.)

Раководителите на Дирекцијата истакнаа дека поради географската положба и економијата која се зајакнува, Турција е изложена на поинтензивен притисок од миграцијата. Врз организацискиот систем за бегалци во Турција доста тежок товар става нелегалната миграција бидејќи Турција е транзитна рута за миграцијата насочена кон економски поразвиените региони на Европската Унија. Таа миграција е најзначајна на источните и јужните погранични линии. Според работниците на заводот, голем проблем е дека речиси невозможно е да се обезбеди контролата на пограничните линии на Турција од дури 8.000 км на копно и од слично голема должина на вода.
Според нивното раскажување, годишно се вршат околу 100 илјади испитувања на барања за меѓународна заштита.

Деновиве веќе го обучуваат кадарот за примената на техниките за интервјуирање, и правило е дека жена може да биде интервјуирана само од страна на жена.
За зацврстувањето на системот за гранична контрола би имала потреба од понатамошна обемна финансиска поддршка.

## V. 1. Ситуацијата на бегалците од Сирија

Според податоците на **Дирекцијата за миграција**, на бегалците од Сирија им даваат привремена заштита. Околу 200.000 од нив живеат во 10 покраини во привремени кампови покрај границата, каде што им обезбедуваат основни услуги.

Околу 500.000 понатамошни бегалци од Сирија живеат надвор од камповите во изнајмени станови, на свој трошок. Во поглед на точната бројка за беглаци можеа да ни дадат само процени, поради невозможноста на контрола на долгите граници и немањето на регистрација за оние кои не поднесуваат барања.

Државата потроши износ еднаков на околу две милијарди долари за бегалците од Сирија. Освен за некои затворања воведени поради помали погранични вооружени судири, Турција досега ги држеше своите капии отворени за бегалците од Сирија.

Турските власти сместуваат најголем дел од оние кои влегуваат во земјата на нелегален начин во таканаречени **„гостински куќи“** под управата на Министерството за внатрешни работи, што се смета за управен притвор. Лицата сместени таму можат да се посоветуваат со адвокат, и адвокатската комора одлучува на кого му следува бесплатно правно застапување. Употребата на сопствениот јазик му се обезбедува на побарувачот на свој трошок. Доколку нема пари, истата се обезбедува ограничено.

Турските органи го дозволуваат воспоставувањето на контакт со **UNHCR.**

Моментално **Одделението за странци и бегалци од Централната полициска управа на Р. Турција** се занимава со миграцијата. Тој делокруг ќе и го предаде на Дирекцијата за миграција во 2014 г. Визите и дозволите за престој исто така припаѓаат на тоа одделение. За истерување одлучува Одделот за миграција во Министерството за внатрешни работи. Против одлуката може да се побара судска ревизија. Постои и притвор за бегалци (странци) кој исто така се применува и во Унгарија. Во такви случаи притворениците ги чуваат во таканаречени центри за истерување во времетраење од три до шест месеци. Времетраењето на притворувањето го ревидираат месечно. Пред истерувањето може да се поднесе барање за азил кое ќе се ревидира во рок од 48 часа.
Сега лицата веќе треба да се известат за причината на нивното притворување и треба да се обезбеди и правно застапување за нив.

Во случај на оние кои се враќаат во земјата, им ги проверуваат податоците и, доколку истите се во ред, ќе ги пуштат во државата. Ако некој државјанин нема документи, амбасадата ќе ги испита неговите податоци. Доколку заклучат дека истите се правилни, ќе ги издадат документите.

Незаконското напуштање на државата, слично на нелегалното влегување, е кривично дело, кое резултира со парична казна.

По потпишувањето на **договорот помеѓу ЕУ и Турција за повратниците** во јуни 2012 г., клучно е ефикасното спроведување на истиот, како и сеопфатното исполнување на обврските во врска со повратниците.[18]

Во областа на независноста на правосудството, третманот на мигрантите и обезбедувањето на човековите права, Турција направи и прави важни напори. Нејзината намера за зачленување во Европската Унија е недвосмислена.

## V.2. Азилантите во бројки

Освен сириските бегалци, во 2013 г., од места надвор од Европа **евидентирани се 969 побарувач од Сомалија, 9178 од Ирак, 3993 од Иран и 10.648 од Авганистан, а од Европа, 5 побарувачи од Германија, 6 од Македонија и по 1 од Грција и Косово.**

Според информацијата од **UNHCR,** околу 61 илјада барања се поднесуваат годишно од земји надвор од Европа. UNHCR ги побарува тие трети земји каде што ги прифаќаат лицата кои поднесуваат барања што одговараат на условите за статусот бегалец. Главно Канада, САД и Австралија ги прифаќаат оние лица кои

[18] C0M(2012) 600 final, A Bizottság Közleménye az Európai Parlamentnek és a Tanácsnak Bővítési stratégia és a legfontosabb kihívások 2012-2013

бараат меѓународна заштита. Годишно околу 4500 лица можат да сместат во трети земји.

## V. 3. Ситуацијата на мигрантите кои се припадници на групата LGBTQ

Турските невладини организации - меѓу нив и организацијата **KAOS GL -,** посочија дека мигрантите, а особено припадници на групата LGBTQ, често стануваат жртви на дискриминација. Местото на престој за мигрантите го одредува полицијата и тие редовно треба да се пријавуваат кај надлежниот орган. Полицијата често назначува традиционални заедници како место на престој во коишто другоста помалку се прифаќа.

Кога лицата поднесуваат барање за признавање како бегалец, можат да се сместат на 63 места во земјата. На само пет или шест од тие места се примаат луѓе кои припаѓаат на групата LGBTQ. Во Турција однесувањето на општеството е хомофобично. Поимот „општ морал" го покажуваат како обратен на припадниците на LGBTQ.

Во Турција сексуалната другост ја третираат како тајна. Таквите лица не добиваат работа. Ако се обелодени другоста на некој, лицето ќе го отпуштат. Во армијата сексуалната другост ја третираат како болест.

# VI. Слободата на говорот и собирање

Инсан Хаклари Дернеги, раководител на **организацијата за човекови права IHD** ни раскажа: Уставот на Република Турција ја гарантира слободата на говорот и собирање од 1990-тите години, значи сите имаат право за слободна комуникација, за слободата на мислењето и помислите, ако и за слободно ширење на своите мислења и помисли.

Комисијата на ЕУ утврди дека и понатаму е сериозен проблем дека практичното остварување на слободата на медиумите го спречуваат понатамошни ограничувања и сѐ повеќе судски постапки започнуваат против писатели и новинари. Следствено, автоцензурата е сѐ пошироко практикувана. Комисијата го поздравува фактот дека турската влада ја прифаќа обврската за брзо доставување на четвртиот пакет реформи во областа на правдата и бара од турската влада да се занимава со секое основно прашање кое моментално делува врз практичното остварување на слободата на изразување на мислењата.[19]

Има две доста силни средства за ограничување на изразувањето на мислења и на собирањето: **Законот за борбата против тероризмот и Кривичниот законик.** Според раскажувањето на раководителот на организацијата за човекови права **IHD**, правилата во Кривичниот законик се флексибилни, па било кој може да се обвини со тероризам. Турција се бори против тероризмот и тоа го користат за ограничување на човековите права на слобода. **Во 2011 г. 13479 лица беа тужени на суд за прекршок на законот за собирање, а 27 илјади лица за отпор против полицијата.**

Во текот на процесите за либерализација согласно барањата на Унијата, во 2002 г. владата го избриша членот од Законот за борба против тероризмот според кој дејностите кои го загрозувале интегритетот на државата ги дефинирале како кривични дела. Тој член го применувале против лица чии ставови не се совпаѓале со политичките ставови на државните власти. Меѓутоа, за разлика од тоа, во 2006 г. го прошириjа кругот на „терористичките злосторства“. Во смисла на одредбите на Кривичниот законик, „јавното црнење“ на Турција или на „турскиот народ“ се смета за прекршок. Комисијата на Европската Унија во својот извештај од 2011 г. за постигнатите резултати заклучи дека иако е остварен некој напредок, сепак се

19 C0M(2012) 600 final, A Bizottság Közleménye az Európai Parlamentnek és a Tanácsnak Bővítési stratégia és a legfontosabb kihívások 2012-2013

неопходни понатамошни значителни напори во областа на основните права, а меѓу нив првенствено во поглед на слободата на изразување на мислењето.[20]

Според податоците на полицијата, при демонстративните немири започнати **на 31 мај 2013 г.**, во текот на три недели над 2,5 милиони луѓе излегоа на улиците во приближно 80 турски градови. Демонстрантите кои на почетокот мирно се противеа на преградувањето на **Гези Парк** сѐ повеќе се свртуваа против политиката на турскиот премиер Реџеп Тајип Ердоган која ја сметаа за авторитарна и наменета за исламизирање на државата. Околу десет илјади луѓе демонстрираа на плоштад Таксим во Истанбул, но специјалните полициски одреди ги истуркаа нив оттаму два часа подоцна.[21]

Жестоката полициска интервенција против демонстрантите доведе до судири кои брзо се раширија и во други градови во Турција. Во судирите умреа четворица, над илјада луѓе беа повредени и дојде до голем број апсења. На крај еден локален суд забарани градење на Гези Парк, притоа исполнувајќи го главното барање на учесниците на демонстрациите во Турција.

Европскиот Парламент во својата декларација од 13 јуни 2013 г. ги ургираше турските власти да го гарантираат и почитуваат правото на информирање, слободно изразување на мислењата, мирно собирање и мирна демонстрација, кое му следува на секој граѓанин; понатаму побара од Владата на Р. Турција вендаш да ги пушти на слобода сите демонстранти кои беа притворени и дури и сега се наоѓаат во затвор; исто така бараше секој затвореник да може да ја користи помошта на адвокатот избран од него.[22]

## VII. Половата еднаквоста

---

[20] http://eeas.europa.eu/human_rights/docs/2011_hr_report_hu.pdf

[21] http://www.parameter.sk/rovat/kulfold/2013/07/08/torokorszagi-tuntetesek-isztambul-ujra-megnyitotta-gezi-parkot

[22] Az Európai Parlament 2013. június 13-i állásfoglalása a törökországi helyzetről (2013/2664(RSP))

Во Турција половата нееднаквост е значајна. Истата претежно се појавува во областа на вработувањето и образованието.[23]

Според информацијата од турската организација за права на жените **KADER**, Уставот на Р. Турција декларира дека независно од полот, училишното образование е задолжително и бесплатно за секој граѓанин во државните училишта. Согласно со тоа, Основниот закон за национално образование го обезбедува правото на основно образование и за машки и за женски деца.
Според статистиките 10% на децата на училишна возраст не одат во школа, а три четвртини од нив се женски деца. Поради образовните трошоци, школувањето на децата претставува проблем за посиромашни семејства. Семејствата им даваат предимство на машките деца во полето на образованието од економски и причини кои произлегуваат од традициите. За решавање на тие проблеми многу програми и кампањи се започнати во државата, меѓу другото за зголемување на односот на девојки запишани во училиштата или за спречување на нивното изостанување од училиштето.

## VII.1. Правата на жените

Во невладината организација за заштита на правата на жените ни раскажаа дека турското општество продолжува да биде концентрирано на мажи. Жените често стануваат жртви на дискриминација и насилство во семејната или помали заедници. Убиството од чест и насилството во семејството сè уште преставуваат големи предизвици[24].

Убиствата на жени се зголемија за 14%. Во 2011 г. се извести за 160 убиства од чест во земјата (bulletinoftheoppressionofwomen.com/2012/01/02/new-statistics-from-turkey-on-honor-killings).

---

23 http://kitekinto.hu/europa/2012/10/29/nincsenek_konny_helyzetben_a_torok_nk/#.UoFjKeLjXFI

24 http://new.eur-lex.europa.eu/legal-content/HU/TXT/?uri=0J:C:2013:257E:FULL#CE2013257HU.01003801.doc

Жените често се исплашени да и се обратат на полицијата или на суд бидејќи немаат доверба во обезбедувањето на ефикасна заштита. Тоа однесување нивната изложеност во економска смисла исто така го засилува и понатаму. За гарантирање на рамноправноста на жените, промената на Уставот од октомври 2001 г. декларираше дека семејството е „засновано врз еднаквоста на сопругот и сопругата", а при промената на Уставот во 2004 г. ја декларираа половата еднаквост [25] . Во смисла на Уставот, сите се еднакви пред законот, без дискриминација и без оглед на мајчин јазик, рас, боја на кожата, пол, политички став, убедување, религија или било што друго. Исто така се декларира дека жените и мажите се еднакви. Државата е должна да ја оствари еднаквоста во пракса.




*Фотографија: Д-р Золтан Немет*

Во 1998 г. беше усвоен закон за заштита на семејството за да се спречува насилството во семејството. Пред усвојувањето на законот насилството во семејството спаѓало во опсегот на Кривичниот законик, што предизвикувало тешкотии при одредувањето на казни. Во 2007 г. законот беше изменет така што и членовите на семејството кои живеат посебно уживаат правна заштита, и се укажа можност да се донесе пресуда која важи за сите членови на семејството во едно домаќинство, а не само на пр. за сопругот или сопругата. И покрај тоа, сè уште е честа појава дека силувањето на жени останува неказнето.

---

[25] http://www.wwhr.org/category/women-s-human-rights-in-turkey

Граѓанскиот законик беше ревидиран помеѓу 1993 и 2001 г. Деловите кои содржеле дискриминација беа избришани, и во ноември 2001 г. Парламентот го усвои новиот Граѓански законик кој, за разлика од поранешното законодавство, декларираше дека главното начело е еднаквото партнерство и еднаквиот опсег на одлука на сопругот и сопругата, како и фактот дека истите имаат еднакви права и во поглед на избирањето на место на живеење. [26]



*Фотографија: Д-р Золтан Немет*

Еднаквите права обезбедени во брачниот однос важат и во случај на развод. Активата добиена за време на бракот треба да се подели подеднакво во случај на развод. Со таа мерка признати се дејностите на домаќинките.

Новиот Законик за труд усвоен од Парламентот на 22 мај 2003 г. исто така придонесе за унапредувањето на половата еднаквост.[27] Во смисла на законикот, врз работодавачот не можат да повлијаат полот, мајчинството, брачната состојба, семејните обврски или имањето на деца на работникот. Процесите на реформи се противречни. Законот за општините од 2004 г. исто така содржи одредби за

[26] http://www.wwhr.org/category/turkish-civil-code
[27] http://www.wwhr.org/category/the-initiative-for-women-s-labor-and-employment-keig

заштитата на жените: секоја општина во којашто жителството е поголемо од 50 000 лица е должна да основе прибежиште за жените и децата кои станаа жртви на насилство. За поддржување на рамноправноста на жените изградена е и институционална рамка. Во 1990 г. беше создадена Дирекцијата за положба и проблеми на жените која беше споена со Канцеларијата на Премиерот во 1994 г., па продолжи да работи под надзор на Потсекретаријатот за жени и социјални додатоци.



*Фотографија: Д-р Золтан Немет*

Помеѓу 2002 и 2001 г. се зацврсти учеството на жените во политиката. До 2008 г. владата одржуваше контакт со организациите за права на жените, а потоа не.
Моментално повторно со нагласок е присутно исламското размислување според коешто жените се способни за исполнување на семејните обврски по природа.
Според информацијата дадена од организацијата за права на жените, **бројот на женските мигранти е висок**. Повеќето од нив пристигнуваат во земјата како жртви на **трговијата со луѓе**.

## VIII. Малцински права во Турција

Политиката на Турција во однос на малцинствата е заснована врз начелото измислено од Кемал. Согласно со тоа, Уставот ги декларира единството на турскиот народ и еднаквоста на граѓаните. Под малцинства се подразбираат немуслиманските заедници, традиционално Грците, Ермencите и Евреите; на малцинствата со муслиманска вероисповед им следуваат малку права. Во земјата до ден-денес веруваат дека државата може да се држи заедно преку асимилацијата на етничките групи и национализмот. Претпоставуваат дека доколку на некоја етничка група и се даде поголема слобода од некоја друга, како на пр. автономија на Курдите, тогаш и другите ќе имаат слични барања, што би довело до пропаста на единствената Турција. Токму од таа причина, во државата забранети се сите активности кои го поткопуваат, дезинтегрираат или ослабуваат националното сознание. Според информацијата добиена до UNHCR, ситуацијата на курдското малцинство сѐ уште не е задоволителна.



*Фотографија: Д-р Золтан Немет*

Положбата на дури 12 милионите[28] Курди кои живеат во Турција има силно влијание врз односите помеѓу Турција и ЕУ. Од времето на создавање на Републиката, турската влада секогаш ги задушувале курдските бунтови и, помеѓу 1984 и 1999 г., како одговор на агресивните методи на Курдската Работничка Партија (ПКК), почнала дури и воена кампања против нив.  Таа беше насочена не

---

[28] http://www.academia.edu/4329153/A_kurdok_helyzete_Torokorszagban_2013

само кон ПКК туку и кон курдските цивили. Во борбата меѓу државата и ПКК загинале отприлика 37 000 луѓе, претежно Курди. Во 1987 г., како одговор на безбедносната ситуација која се влошувала, Парламентот објавил вонредна состојба во Југоисточна Турција, што ја укинале дури во 2002 г. Конечно на воената акцијата и ставил крај апсењето на лидерот на ПКК, Абдулах Еџалан.



*Фотографија: Д-р Золтан Немет*

## IX. Укинувањето на смртната казна

Во рамките на Советот на Европа, укинувањето на смртната пресуда е уредено од Шестиот и Тринаестиот дополнителен протокол на Европската конвенција за човековите права. Другиот важен елемент во меѓународното уредување е Вториот факултативен протокол на ОН усвоен во 1989 г. како дополнување до Меѓународната спогодба за политичките и граѓански права. Во смисла на Протоколот, „не смее да се изврши смртна казна на лица кои потпаѓаат под јуриздикцијата на државите кои го потпишале истиот“ и секоја држава треба да ги преземе „потребните мерки за укинување на смртната казна“. Протоколот го потпиша и Турција во април 2004 г.

Според информацијата од организацијата за човекови права **IHD**, во некои случаи, Кривичниот законик на Р. Турција ја дозволувала смртната казна до август 2002 г.

Со смрт можеле да се казнат извесни случаи на убиство и кривичните дела против државата – имено за време на војна и во случаи кога единството на територијата на државата било во опасност -, или активностите наменети за насилна промена на Уставот или насилно соборување на владата, како и за охрабрување на други да го сторат тоа.

Меѓутоа, согласно правилата на Уставот, пресудата се извршувала само ако Парламентот го изгласал тоа. Од 1984 г. не беше доставен таков предлог.

При промената на Уставот во октомври 2001 г. вметнаа реченица според којашто смртна казна може да се примени само во случај на војна, непосредна опасност од војна и терористички злосторства.

## X. Трговија со луѓе и шверц на луѓе

Од Републичкото Јавно Обвинителство добивме информација за актуелните проблеми и правна пракса во врска со организираниот криминал, трговијата со луѓе и шверцот на луѓе.

Кривичниот законик на Турција ги забранува трговијата со луѓе, сексуалната експлоатација и принудната работа. За таквите дела законот предвидува затворска казна од 10 - 15 години. Пред 2010 г. ни шверцот на луѓе, ни трговијата со луѓе не била кривично дело.

Потенцираа дека главна карактеристика на шверцот на луѓе е дека истиот е кривично дело од преку-граничниот тип при коешто важен удел зема и организираниот криминал, и грубо можат да им се прекршат човековите права на оштетените.

Според годишниот извештај на Агенцијата за дрога и криминалистика на ОН (UNODC), ширум светот 79% од идентификуваните жртви на трговијата со луѓе станаа жртви на сексуална експлоатација, 18% на принудна работа, а 3% на други

форми на експлоатација. Од тие жртви 66% беа жени, 13% девојки, 12% мажи и 9% момчиња.

Податоците собрани од Комисијата во септември 2011 г. за жртвите на трговијата со луѓе, полициските истраги, кривичните постапки и судењата и моментално се анализираат во поглед на половата припадност, возраста, формата на експлоатацијата и државјанството. Изгледа дека прелиминарните резултати се во склад со статистиките во извештајот на UNODC. Во случај на три четвртини на евидентираните жртви, трговијата со луѓе беше насочена кон експлоатацијата (овој податок покажува зголемување од 70% во 2008 г. до 76% во 2010 г.), а во другите случаи сторителите имаа за цел експлоатација на работна сила (односот во овој поглед се намали од 24% во 2008 г. на 14% во 2010 г.), принудување на питање (3%) и принудно домашно слугување (1%). Дваесет и една држава на Унијата можеше да даде информации поделени по полови. Според тие податоци, во текот на трите години жртвите на трговијата со луѓе беа главно жени и девојки: 79% од нив беа жени или девојки (12%) , а 21% беа мажи или момчиња (3%). Најголем дел од пријавените жртви од трета земја потекнуваат од Нигерија, Виетнам, Украина, Русија и Кина.

Трговијата со луѓе и на меѓународно ниво добило посебно внимание. Најважните правни потези се Протоколот на Палермо на ОН за трговија со луѓе и конвенцијата на Советот на Европа за борбата против трговијата со луѓе.[29] Турција ја потпиша конвенцијата во 2003 г.

Шверцерите на луѓе типично влегуваат во земјата преку источната граница. Дури и најавувањето на границата се смета за завршено кривично дело.

Владата прави сериозни напори во поглед на помагањето на жртви на трговијата со луѓе, соработува со експертите на ИОМ и со надлежните турски министерства.

Владата ги охрабрува жртвите да учествуваат активно во кривичната постапка како сведоци и им дава бесплатна правна помош. Странските жртви можат да побараат

[29] http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=COM:2012:0286:FIN:hu:PDF

хуманитарна виза и добиваат можност да престојуваат шест месеци во Турција. Дозволата за престој можат да ја обноват за понатамошни шест месеци. Владата исто така прави напори за одговорно и безбедно превозување на жртвите од трговијата со луѓе до дома.

*(Содржината претставена во извештајот не може да се смета за официјален став на Европскиот Совет или на Министерството за внатрешни работи, и Европскиот Совет и Министерството за внатрешни работи не преземаат одговорност за истата. )*